Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за дополнување на Правилникот за внатрешна организација
и работа на Министерството за финансии

Скопје, ноември 2023 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии бр. 01-11277/1 од 29.12.2022 година и тоа:

Во глава II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во член 4, точка 1. СЕКТОР ЗА БУЏЕТИ И ФОНДОВИ, по одделението „ж) Одделение за програмско буџетирање“, се додава ново одделение: „з) Одделение за преглед на трошоци“.

### Член 2

Во глава III ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ОБЛИЦИ, во член 5, точка 1. СЕКТОР ЗА БУЏЕТИ И ФОНДОВИ, по одделението „ж) Одделение за програмско буџетирање“, се додава ново одделение „з) Одделение за преглед на трошоци“ кое гласи:

„ з) Одделение за преглед на трошоци

Одделението за преглед на трошоци ги врши работите што се однесуваат на: координирање на учесниците во постапката за изработка на планот за трошоци, водење на преговори со домашни и меѓународни институции за подготовка на Прегледот на трошоци, изготвување на мислења/извештаи/информации, систематска анализа на расходите, анализа на ефикасноста и ефективноста на буџетските расходи, операционализација и предлагање на можности за штедење, идентификување на мерки за фискални заштеди, предлагање на мерки за подобро искористување на буџетските средства, подготовка на извештаи/информации како резултат на спроведените анализи и истражувања, подготвување на Буџетот за наредната фискална година, подготвување Закон за извршување на Буџетот, изготвување ребаланс на веќе донесениот буџет, изготвување на Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.“

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 10238/1
23.-11-.2023 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Изработил: Арѓира Јашари - Мерсими
Контролирал: Верица Стоилова
Лилијана Стојановска
Проверил: Laura Ajdini
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст